

Анешти Узунов (7. II 1914 – 10. V 1943) е македонски револуционер, учесник во движењето на отпорот за време на Втората светска војна и организатор на партизанското движење во Неврокопско, Пиринскиот дел на Македонија. Како млад се вклучил во ВМРО(Об) и на судскиот процес во 1936 година, кога биле судени членовите на ВМРО(Об), пред судиите изјавил дека по националност е Македонец, а не Бугарин. По излегувањето од затвор во 1938 год. ја продолжил својата револуционерна работа. Бил секретар на Околискиот комитет на нелегалната КП (1941). Загинал во вооружен судир со бугарската полиција.

Анешти Николов Узунов е роден на 7 февруари 1914 година во село Плевна, Драмско, Егејскиот дел на Македонија. Работи како печатарски работник во Софија. Во 1932 година, како млад станува член на работничката младински сојуз (РМС) и БКП, а потоа се вклучува во редовите на ВМРО (Обединета). Тоа е период кога обласниот комитет ВМРО (об) за Пиринска Македонија се посилно истакнува постоењето на одделна македонска нација

Во почетокот на 1935 година обласниот комитет ВМРО (об) за Пиринска Македонија излезе со вонредно значајна декларација во која се вели „Како што Македонците под грчка власт не се ниту „славофони“ ниту „чисти Грци“, како што Македонците под српска власт не се „вистински Срби“, така и Македонците под бугарска власт не се Бугари, ниту пак сакаат да станат такви. Македонскиот народ има свое минато, сегашност и иднина, не како прикрпа на империјалистичките (држави) Бугарија, Грција и Србија, туку како самостоен славјански елемент, кој што ги има сите признаци на посебна нација, која се бори веќе со десетлетија за извојување на свое право на самоопределување дури до отцепување во одделна политичка државна заедница од угнетувањето на империјалистичките држави.

Ваквите ставови на ВМРО (об) беа пречка за бугарските управници за спроведување на нивната денациолизаторска политика, поради што беа започнати апсења и судења на функционери и дејци на ВМРО (об) во Пиринска Македонија. На ВМРО (об) и беше нанесен најтежок удар со извршената провала во 1936 година, кога околу 60 највидни раководни функционери и активисти на Организацијата разоткриени и изведени пред суд. Меѓу затворените и осудените се наоѓа и името на Анешти Узунов.

На судскиот процес на оваа група обнинетите отворено изјавуваа дека по национална припадност се Македонци и дека се борат за извојување на суверенитет и државно конституирање на македонската нација.

За време на судскиот процес во 1936 година, кога биле судени членовите на ВМРО(Об) и Анешти Узунов пред судиите изјавил дека по националност е Македонец, а не Бугарин. Како соработник на ВМРО (Об.) тој е осуден на пет и пол години затвор.

По излегувањето од затвор во 1938 година, Анешти Узунов ја продолжил својата револуционерна работа. Од 1939 година е секретар на Работничкиот младински сојуз (РМС) и член на околискиот комитет на БРП (к) во градот Неврокоп (денес Гоце Делчев).

Всушност во предвечерието на Втората светска војна голем дел од раководството и активистите на ВМРО (об) дејствуваат на теренот како раководители и активисти на Кумунистичката партија и имаат посебен авторитет кај народот. Тие поактивно го истакнуваат разрешувањето на македонското прашање како еден од главните услови за вклучување на масите во вооружената борба.

Во почетокот на Втората светска војна војна во 1941 година, Анешти Узунов како секретар на Околискиот комитет на нелегалната КП (1941).е организатор на партизанското движење во Неврокопско, Пиринскиот дел на Македонија. Во септември 1942 година, тој поминал во илегала и потоа станал командант на Неврокопската чета.

На 10 мај 1943 година, Анешти Узунов бил убиен во вооружен судир со бугарската полиција во близина на селото Рибново, Неврокопско.

По неговото име е наречен Неврокопскиот партизански одред.